Согласно своите потреби, друштвотоТутунски комбинат АД Прилеп со седиште на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп објавува :

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 09-193/1
Прилеп 13.02 2026год.

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА ТРАНСПОРТЕН ПРЕВОЗ НА ТУТУН ОД РЕКОЛТА 2025г.

Купувач: Тутунски Комбинат АД Прилеп – ( за потребите на Погон Тутун ул. Прилепски бранители бр. 85, 7500 Прилеп)
Предмет: Набавка на услуга - Транспортен превоз на откупен тутун од реколта 2025г. во количина од околу 2.600.000 кгр. спакуван во картонски кутии, на релација од магацини на Тутунски комбинат АД Прилеп во Прилеп до Сокотаб Дооел Битола во с.Драгожани Битола, со динамика на превоз по договор.

**Понудата да ги содржи следните документи:**

-Тековна состојба за правното лице-понудувач не постара од 5 дена од денот на објавување на јавниот повик,
-Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што правното лице-понудувач е регистриран не постаро од 6 месеци од објавувањето на јавниот повик во јавното гласило,
-Изјава на правното лице-понудувач дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
-Изјава за сериозност на правното лице-понудувач – економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат во износ од 5% од износот на понудата,
-Референтна листа ,
-Изјава на понудувачот со која се обврзува дека во секое време, а на барање на купувачот ќе стави на располагање најмалку 6 камиони со носивост од 25 тони,
- Изјава од понудувачот за согласност со Драфт договорот кој претходно ќе им биде достапен на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk ,
Бараната документација да се достави во оригинал или копија со потпис и печат “Верно на оригиналот” издадено од овластено лице.

**Критериум за избор на најповолна понуда**

Цена изразена во МКД без вклучен ДДВ

**Начин на плаќање:**

Вирмански во рок од 60 дена од доставување на фактура.

Понудите да бидат испратени во две плика и тоа, внатрешното плико да ги содржи називот и адресата на понудувачот, а на надворешното плико да стои називот и адресата на примачот со назнака **"НЕ ОТВАРАЈ - НАБАВКА НА УСЛУГА ТРАНСПОРТЕН ПРЕВОЗ НА ТУТУН ОД РЕКОЛТА 2025г."**.

Рок за доставување на понудите: **24.02.2026г. до 11.00 часот** во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.

Отворањето на понудите ќе биде јавно на ден **24.02.2026 г. во 11.00 часот** во просториите на Тututнски Комбинат АД Прилеп, по што ќе се пристапи кон јавно усно негативно наддавање.

Изборот на најповолна понуда ќе се изврши при самото отворање на понудите со усно јавно негативно наддавање, а почетната цена ќе биде најниската цена од доставените понуди **.**

Претставниците на понудувачите доколку не се законски застапници, на денот на отворање на понудите со себе да носат и да достават заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отворање на понудите и наведено овластување за учество на усно јавно негативно наддавање по однос на јавниот повик за набавка на услуга транспортен превоз на тутун од реколта 2025г. Сите законски застапници и/или претставници на понудувачите присутни при јавното отворање на понудите, со себе да носат на увид и документ за лична идентификација.

За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски комбинат АД Прилеп.

Лица за контакт:
Горан Сталевски тел. 071/653-155, е-маил: g.staleski@tkprilep.com.mk
Дарко Трајкоски тел. 076/ 361-500 , е-маил: darko.trajkoski@tkprilep.com.mk
Круме Симоноски тел: 076/496-957, е-маил: k.simonoski@tkprilep.com.mk

**13.02.2026г.** **Тутунски комбинат АД Прилеп**

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7